СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА

ОПШТИНА

МАКЕДОНСКА

КАМЕНИЦА

БРОЈ 3

Македонска Каменица | *Година XXI* *15.12.2025* | *Излегува по потреба* *гласникот е бесплатен*

Декември 2025

МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за одржување на хигиента на јавните површани на територијата на општина Македонска Каменица за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3249/1
15.12.2025 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

ЈАВНО ПРЕДПРИЈАТИЕ
"КАМЕНА РЕКА"

ИЗРАБОТУВА: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

КАМЕНА РЕКА

МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ДОНЕСУВА : СОВЕТ НА ОПШТИНА

МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

П Р О Г Р А М А

ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНАТА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА, ДЕКЕМВРИ 2025 ГОД

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024), член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица бр.20/2019, 38/20 и 33/24), а согласно Одлуката за јавна чистота бр. 07-401/1 од 15.03.2010 година и измените и дополнувањата на истата бр. 07-1165/1 од 13.10.2010 година донесена од Советот на општина Македонска Каменица, Советот на општина Македонска Каменица на 3та седница одржана на ден 15.12.2025 година донесе:

П Р О Г Р А М А

За јавна чистота за 2026 година

I. Одржувањето на јавната чистота, собирањето и транспортирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад се дејности од јавен интерес. Одржување на јавната чистота е чистење (миење и метење) и одржување на јавните и сообраќајни површини, одржување на парковите и зелени површини и други непредвидени активности.

II. Под одржување на јавна чистота се подразбира чистење (метење, собирање и транспортирање на сметот, отстранување на атмосферските наноси, расчистување на диви депонии, како и перење на улиците со цистерни) со кое ќе бидат опфатени асфалтирани улици, тротоари, шеталишта, плоштади, паркинзи и одржување на парковите и зелени површини во општина Македонска Каменица.

III. Со оваа Програма за одржување на чистотата се предвидуваат обемот на предвидените работи и работни задачи, потребниот број на вработени, предвидените средства за работа и динамиката на реализација на предвидената програма.

1. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА

Одделението за технички работи и услуги при ЈП Камена река Македонска Каменица во делокругот на своите надлежности ги врши и следните работни задачи:

- Собирање, транспорт и депонирање на сметотот од домаќинствата, претпријатијата и другите правни лица;
- Одржување на јавни прометни површини по програма;
- Одржување на градска депонија;
- Редовно одржување на зеленилата во градот како и
- Депонирање на комунален отпад од селски населби на места каде се поставени контејнери.

Една од основните задачи на ова одделение е да ја спроведе програмата за јавна чистота за 2026 година усвоена од Советот на општина Македонска Каменица.

Периодот за одржување на јавната чистота е поделен на летен период од 01.04 - 31.10 со времетраење од 7 месеци и зимски период од 01.11 - 31.03 со времетраење од 5 месеци.

Спроведување на Програмата за јавна чистота Ј.П. ,,Камена Река" Македонска Каменица ќе го изврши со сопствениот кадар со кој располага.

Динамиката на чистењето ќе биде организирана според две категории на чистење на јавните површини и тоа:

А. Прва зона (централно градско подрачје) каде спаѓаат следните улици:

-	улица Александар Македонски	во површина од	680 x 7,0 = 4760,00 m²
-	улица Осоговска	во површина од	490 x 5,5 = 2695,00 m²
-	улица Каменичка	во површина од	600 x 6,0 = 3600,00 m²
-	улица Гоце Делчев	во површина од	426 x 7,0 = 2982,00 m²
-	улица Самоилова	во површина од	225 x 6,0 = 1350,00 m²
-	улица Рударска	во површина од	300 x 5,5 = 1650,00 m²
-	улица Руенска	во површина од	200 x 5,5 = 1100,00 m²
-	улица 28 Август	во површина од	812 x 5,5 = 4466,00 m²
-	8 -ми септември	во површина од	280 x 3,2 = 896,00 m²
-	улица 14 ти Јуни	во површина од	700 x 5,5 = 3850,00 m²
-	улица Филип Втори	во површина од	200 x 6 = 1200,00 m²
-	улица пристап до спортски комплекси	во површина од	996 x 5,5 = 5478,00 m²
-	улица 11 октомври	во површина од	644 x 6,0 = 3864,00 m²
		ВКУПНО	37891 m²

Улиците од прва зона ќе се чистат со:

- секојдневно метење во работните денови;
- секојдневен одвоз на смет и соберени наслаги;
- периодично перење по потреба со цистерна.

Б.Во втората зона (улици што се одржуваат еднаш неделно) овде спаѓаат следните улици:

-	дел од улица Осоговска	во површина од	510 x 5,5 = 2805,00 m²
-	улица Македонска	во површина од	640 x 5,5 = 3520,00 m²
-	улица Езерска	во површина од	205 x 5,0 = 1025,00 m²
-	улица Илинденска	во површина од	530 x 5,5 = 2915,00 m²
-	улица Индустриска (М 5)	во површина од	900 x 6,0 = 5400,00 m²
-	улица Горна Река	во површина од	480 x 5,0 = 2400,00 m²
-	улица Вера Јоциќ	во површина од	310 x 5,0 = 1550,00 m²
-	улица Методија Андонов Ченто	во површина од	887 x 5,5 = 4878,00 m²
-	улица Церска	во површина од	880 x 6,0 = 5280,00 m²
-	улица Јаков	во површина од	460 x 5,5 = 2530,00 m²
-	улица Мирче Ацев	во површина од	61 x 5,0 = 305,00 m²
-	улица Јане Сандански	во површина од	138 x 5,5 = 759,00 m²
-	улица Индустриска	во површина од	430 x 5,5 = 2365,00 m²
-	улица Долна река	во површина од	180 x 5,0 = 900,00 m²
--	улица Миле Јаневски Џингар	во површина од	490 x 5,5 = 2695,00 m²

-	улица Орце Николов	во површина од	140 x 5,5 = 770,00 m²
-	улица Пиринска	во површина од	405 x 5,0 = 2025,00 m²
-	улица Струјовска	во површина од	220 x 4,0 = 880,00 m²
-	улица Карадачка	во површина од	380 x 3,5 = 1330,00 m²
-	улица Ленинова	во површина од	295 x 3,5 = 1033,00 m²
-	улица Даме Груев	во површина од	550 x 5,0 = 2750 m²
-	улица Јаков	во површина од	535 x 5,0 = 2675 m²
-	улица продолжение помеѓу улица Јаков и улица Даме Груев	во површина од	124 x 5,0 = 620 m²
		ВКУПНО	***51410 m²***

Улиците од втора зона ќе се чистат со:

- метење еднаш неделно;
- изнесување на смет еднаш неделно;
- периодично перење по потреба со цистерна

Останатите неспоменати улици ќе се чистат по потреба во зависност од времето, условите и потребите.

В. Тротоари за следните улици од I и II зона:

-	улица Александар Македонски	со површина од	680 x1,8 x 2 = 2448 m²
-	улица Гоце Делчев	со површина од	95 x 1,7 x 2 = 323 m²
-	дел од улица Гоце Делчев	со површина од	65 x 2 = 130 m²
-	улица Каменичка	со површина од	600 x 1,5 = 900 m²
-	улица Индустриска	со површина од	175 x 2,1 = 367 m²
-	улица Самоилова	со површина од	40 x 1,7 = 68 m²
-	улица 14ти Јуни	со површина од	155 x 1,6 = 248 m²
-	улица Рударска	со површина од	150 x 1,4 = 210 m²
-	улица Руенска	со површина од	200 x 1,4 = 280 m²
-	улица Филип Втори	со површина од	200 x 1,4 x 2 = 560 m²
-	улица Осоговска	со површина од	490 x 1,2 x 2 = 1176 m²
-	улица Осоговска	со површина од	465 x 1,2 = 558 m²
-	улица 28 Август	со површина од	380 x 1,6 = 608 m²
-	улица 28 Август	со површина од	260x 1,8 = 468 m2
-	улица Даме Груев	со површина од	550 x 1,2x2 = 1320 m²
-	улица Јаков	со површина од	535 x 1,6 = 856 m²
-	улица пристап до спортски комплекс	со површина од	472 x1,8 = 849,6 m²

	улица Илинденска	со површина од	235 x 1,6 = 376 m²
		ВКУПНО	***11745,6 m²***

Г. Паркинзи :

-	улица Руенска	со површина од	1860,00 m²
-	улица 28 Август	со површина од	2191,00 m²
-	паркинг кај Автобуска станица	со површина од	3600,00 m²
-	улица Осоговска (зад Стопанска банка)	со површина од	142,00 m²
-	улица Осоговска (зад ЈП ,,Камена река”);	со површина од	408,00 m²
-	улица Самоилова (Кула 1 и Кула 2)	со површина од	1200,00 m²
-	кај ООУ ,,Кирил и Методиј”;	со површина од	1860,00 m²
-	кај поштата	со површина од	586,00 m²
-	улица Самоилова	со површина од	840,00 m²
-	улица Рударска	со површина од	1310,00 m²
-	улица Александар Македонски	со површина од	2.318,00 m²
-	кај Кит го	со површина од	238,00 m²
-	улица Каменичка (пред општина)	со површина од	162,00 m²

-	улица 28 Август(меѓу згради)	со површина од	300,00 m²
-	улица Осоговска (кај атмосферски канал)	со површина од	700,00 m²
-	паркинг над градски пазар	со површина од	1200,00 m²
-	кај Итна медицинска помош	со површина од	140,00 m²
-	улица Илинденска	со површина од	900,00 m²
-	улица Гоце Делчев	со површина од	860 m²
		ВКУПНО	***20815,00 m²***

Д. Градски плоштад со површина од 2600 m²

Ѓ. Пешачки патеки

-	пешачка патека на кеј на река Каменичка	со површина од	2500 m²
-	пешачка патека на ул. 11 Октомври	со површина од	416 m²
-	пешачка патека зад Стопанска банка	со површина од	15,0 m²
-	пешачка патека пред Стопанска банка	со површина од	37 m²
-	пешачка патека пред градски стадион	со површина од	240 m²
-	пешачка патека на ул. 4 ти Јули	со површина од	200 m²
-	пешачка патека кај спортскиот комплекс	со површина од	1240 m²
-	- пешачка патека на паркот на	со површина од	985 m²

	Младоста		
-	пешачка патека кај Црквата Успение на Пресвета Богородица	со површина од	860 m²
-	пешачка патека на лица Александар Македонски	со површина од	343 m²
		ВКУПНО	**6836 m²**

Е. Пешачки мостови

-	пешачки мост кај парк на младоста	со површина од	200 m²
-	пешачки мост кај црквата „Успение на Пресвета Богородица“	со површина од	200 m²
-	пешачки мост градски пазар Македонска Каменица	со површина од	200 m²
-	пешачки мост над градски пазар	со површина од	100 m²
-	пешачки мост кај градски базент	со површина од	200 m²
		ВКУПНО	900 m²

Ж. Спортско рекреативен комплекс со површина од 4165 m²

А= 37891 m²

Б= 51410 m²

В= 11745 m²

Г = 20815 m²

Д = 2600 m²

Ѓ= 6836 m²

Е= 900 m²

Ж = 4165 m²

Вкупно површини за метење **136362 m²**

За одржување на овие јавни површини потребни се 20 работника, а оваа бројка се добива на следниот начин:

$$P = \frac{П \times С \times Д}{В} \qquad P = \frac{136362\ \mathbf{m^2} \times 0{,}00084 m^2 \times 365}{2088} = 20{,}02\ (20)$$

Р - потребен број на работници

П - површна која се мете

С - потребно време за метење (0,00084 m^2) со сите операции

Д – вкупен број на денови во годината

В – вкупен број на работни часови во годината

Површина **136362 m²**

Извршители 20 работника

Бруто плата 20 раб х 39.000,00 х 12 9.360.000,00 денари

(Изнесување на сметот при метење

(еднаш неделно од предвиденото)

56 тури х 2300,00 ден 128.800,00 денари

Перење со цистерна по потреба

2.000.00 денари од цистерна (90) 180.000,00 денари

Вкупно потребни средста за позиција

Метење и перење на улиците

и изнесување на смет 9.668.800,00 денари

1.1. Рачно чистење на снег во зимски услови на јавно прометните површини на територијата на општина Македонска Каменица (пристапни патеки, тротоари, паркинзи, плоштад, мостови, пешачки мостови и степеници)

Рачното чистење на снег во зимски услови ги опфаќа следните јавно прометните површини

1.1.1. Тротоари

-	улица Александар Македонски	со површина од	680 x1,8 x 2	2448 m²
-	улица Гоце Делчев	со површина од	95 x 1,7 x 2	323 m²
-	дел од улица Гоце Делчев	со површина од	65 x 2	130 m²
-	улица Каменичка	со површина од	600 x 1,5	900 m²
-	улица Индустриска	со површина од	175 x 2,1	367 m²
-	улица Самоилова	со површина од	40 x 1,7	68 m²
-	улица 14 ти Јуни	со површина од	155 x 1,6	248 m²
-	улица Рударска	со површина од	1 50 x 1,4	210 m²
-	улица Руенска	со површина од	200 x 1,4	280 m²
-	улица Филип Втори	со површина од	200 x1,4 x 2	560 m²
-	улица Осоговска	со површина од	490 x1,2 x 2	1176 m²
-	улица Осоговска	со површина од	85 x 1,2	102 m²
-	улица 28 Август	со површина од	380 x 1,6	608 m²
-	улица 28 Август	со површина од	940 x 1,8	1692 m²

-	улица Даме Груев	со површина од	550 x 1,2x2	1320 m²
-	мост на влез во општина Македонска Каменица	со површина од		200 m²
-	улица 11 октомври	со површина од	318x1,6	508,8 m²
-	пристап до спортски комплекс	со површина од	472x1,8	849, 6 m²
		ВКУПНО		***11989,6 m²***

1.1.2. Градски плоштад со површина од 2600 m²

1.1.3.Паркинзи

-	улица Руенска	со површина од	1860,00 m²
-	улица 28 Август	со површина од	2191,00 m²
-	паркинг кај Автобуска станица	со површина од	3600,00 m²
-	улица Осоговска (зад Стопанска банка);	со површина од	142,00 m²
-	улица Осоговска (зад ЈП ,,Камена река”)	со површина од	408,00 m²
-	улица Самоилова (Кула 1 и Кула 2)	со површина од	1200,00 m²
-	кај ООУ ,,Кирил и Методиј”	со површина од	1860,00 m²
-	кај поштата	со површина од	586,00 m²
-	улица Самоилова	со површина од	840,00 m²

-	улица Рударска	со површина од	1310,00 m²
-	улица Александар Македонски	со површина од	2318,00 m²
-	кај Кит го	со површина од	238,00 m²
-	улица Каменичка (пред општина)	со површина од	162,00 m²
-	улица 28 Август(меѓу згради)	со површина од	300,00 m²
-	улица Осоговска	со површина од	700,00 m²
-	паркинг над градски пазар	со површина од	1200,00 m²
-	кај Итна медицинска помош	со површина од	140,00 m²
	улица Илинденска	со површина од	900,00 m²
		ВКУПНО	***19.955,00 m²***

***Вкупно* = 19.955,00 m²**

1.1.4 Пешачки мостови

-	пешачки мост кај парк на младоста	со површина од	200 m²
-	пешачки мост кај црвката „Успение на Пресвета Богородица“	со површина од	200 m²
-	пешачки мост кај градски пазар Македонска Каменица	со површина од	200 m²
-	пешачки мост над градски пазар	со површина од	100 m²
-	пешачки мост кај градски базент	со површина од	200 m²
		ВКУПНО	**900 m²**

1.1.5 Степеници

-	кај бензинската пумпа Макпетрол	со површина	45,86 m²
-	на улица Осоговска	со површина	51,9 m²
-	кај детското игралиште на ул. Езерска	со површина	23,71 m²
-	на улица Македонска	со површина	174,67 m²
-	кај споменик Вера Јоциќ	со површина	11,91 m²
-	кај споменик Миле Јаневски Џингар	со површина	3,045 m²
-	кај паркинг на улица Илинденска		15,5 m²
		ВКУПНО	**326,595 m²**

1.1 Вкупно потребни средста за позиција рачно чистење на снег во зимски услови на јавно прометните површини на територијата на општина Македонска Каменица 400.000,00 денари

1.2. Машинско чистење на локалните патишта од одрони, наноси и обраснати диви жбунови низ општина Македонска Каменица 1,000.000,00 денари

2. ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКА ДЕПОНИЈА И ИЗНЕСУВАЊЕ НА СМЕТ ОД СЕЛАТА

- Чистење и распланирање на земја со машина трипати месечно (12 месеци x 3 пати x 7 часа) x 2500,00 ден /час 630.000,00 ден.
- Рачно чистење околу депонија еднаш месечно (еднаш 6 раб x 7часа x 250,00 x 12 мес).

126.000,00 ден.

Вкупно потребни средства: 756.000.00 ден.

Изнесување на контејнери од локално населени места

Транспорт 12 месеци 56 канти x 2300,00 ден 1.545.600,00 ден.

Вкупно потребни средста за оваа позиција 2.301.600,00 денари

3. ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИТЕ И ДРУГИ

ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ

Македонска Каменица како мала урбана средина се одликува со организирани и добро уредени зелени површини кои оставаат впечаток на добро уреден простор.

Во делот на паркови и зеленило ќе се интензивираат активности за озеленување на неколку скверови во градот, опфаќајќи ги и локациите по периферијата и редовно одржување на речното корито и кејот на Каменичка река како и дооуредување на истото.

Редовното спроведување на одгледувачките мерки и тоа: косење, наводнување, окопување, потхранување, кастрење, кроење, ѓубрење на зелените површини е предуслов за нивниот убав изглед, долговечност и функционалност. Слабо одгледувана зелена површина дава впечаток на запуштеност и неуредност и предизвикува спротивни визуелни и емотивни впечатоци кај посетителите.

Меѓу најважните одгледувателни мерки во зелените површини кои што ќе се применуваат се: засадување на сезонски цвеќиња, поливањето, окопувањето околу дрвјата, одржувањето на патеките, одгледување на крошните, прихранување, одржување на парковските елементи од неживата приода (sидчиња, мостови, клупи и др.), косење на тревници, чистење, потоа одржување на дрворедите со редовно кастрење, одржување на сите жарденерии кои што се поставени низ нашиот град (жарденериите кај парк Вера Јоцић), одржување на сите живи огради со редовно окопување, поткастрување, редовно одржување на кејската површина нејзино косење и наводнување.

Локација на веќе подигнати зелени површини:

- Градски базент со површина од 1000 м^2
- Парк на младост со површина од 3000 м^2
- Парковите околу колективните стамбени згради со површина од 5000 м^2;
- Паркот кај народниот херој ,,Вера Јоцић” со површина од 1000 м^2;
- Кејот на река Каменичка; со површина од 59340 м^2;

- Паркот околу градската црква во Македонска Каменица со површина од 6000 м^2;
- Паркот подигнат во знак на народниот херој од 2001 ,,М.Ј.Џингар" со површина од 1000 м^2;
- Зелените површини (скверовите) на градскиот плоштад со површина од 500 м^2;
- Стадион со површина од 11000 м$^{2;}$;
- Помошен стадион со површина 6000 м^2 и
- Спортски комплекс со површина од 4000 м^2

За одржување на наведените зелени површини со вкупна површина од 97840 м^2 m^2 потребно е:

- редовно наводнување во летниот период;
- одстранување и редовно кастрење на диви неуредни жбунови ,дрвни видови и секаков вид на грмушки;
- просторно и холтикултурно уредување на кејот на Каменичка река од двете страни на речното корито;
- засадување на декоративни дрвни видови на подрачјето на општина Македонска Каменица и додавање на нови содржини од областа на хортикултурата;
- редовно косење и собирање на тревата;
- засејување на уништени површини, како и нивно потхранување;
- редовно собирање на паднати листови
- засадување на разни цвеќиња за потребите на парковите и зеленилото достапно во секое време по видови и количини адекватни на условите за секој временски период;

Посебен проблем со одржувањето на овие површини претставува летниот период, поради немање на можност за нивно навремено наводнување со технолошката вода бидејќи не е рентабилно да се користи водата за пиење.

Трошоци за одржување на овие зелени површини се:

- 6 раб. х 250 ден /час *200раб ден *7 раб часа 2.100.000,00 ден
- Ангажирање на трактор за разни транспорти (6 мес х 44 тури/месец х 1500 ден/тура) 396.000,00 ден

- Набавка на семе хумус .ѓубре и ост. средства 100,000,00 ден
- Набавка на алат (колички, лопати,метли,гребули, копачи и сл) 100,000,00 ден

Вкупно: 2.696.000,00 ден.

4. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИ И ОДВОДНИ КАНАЛИ И ИЗВЕДБА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

Ј.П. ,,Камена Река" ќе врши расчистување на диви депонии и одводни канали и изведба на водоводна и канализациона мрежа по претходен налог од страна на општината

Реализација на расчистување на:

- Канали за атмосферски води во должина од 440 m/долж;
- Одводен канал од ерозија во должина од 220 m/долж;
- Канал ,,Гумен дол,, во должина од 200 m/долж;
- Канали на улица Стујовска, улица Карадачка и стари градски гробишта (220+160+70) 450 m/долж;
- Диви депонии во градот и околу влезовите во градот;
- Диви депонии во селските средини;
- Чистење на просторот и средување на претоварната станица за претовар на отпад кај топланата и оградување на истата.
- Транспорт на целокупниот комунален отпад за Делчево
- Расчистување на повеќе диви депонии во селските средини с.Моштица, Стара Каменица, Езеро Калиманци и др.
- Прочистување на главен одводен канал над Каменица па се до Каменичка Река.

Истите активности ќе ги спороведува по потреби во текот на целата година, по следните цени:

Ангажирање на механизација		
ЈЦВ 3Х	**Час**	**2.500,00**
трактор ИМТ	**Тура**	**1.200,00**
мичиген	**Час**	**3.000,00**
комбе	**Км**	**30,00**
Изнесување на контејнери од локалните места	**Тура**	**2.300,00**
Минировокопач ЈЦВ 8081	**Час**	**2.000,00**
Трактор Махиндра	**тура**	**1.500,00**
Камион Ивеко	**km'**	**330,00**

Цистерна 8м3	**km'**	**2.000,00**
Ровокопач Хидромек	**час**	**2.200,00**

Вкупно потребни средства за расчистување на диви депонии и одводни канали: 3.000.000,00 ден.

5. РАЗНИ АКТИВНОСТИ

Ј.П. ,,Камена Река" ќе врши дополнителни активности, по претходен налог од страна на општината, во текот на целата година како што се: поставување знамиња за празници, поставување и замена на дотраени клупи за седење, поставување на нови корпи за отпадоци и замена на дотрајаните, чистење на простор по одржување на јавни настани, поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација, враќање во првобитна состојба на површини кои се оштетени од некои активности, како и се друго што ке се јави како потреба, а е во делокругот на работа на ЈП Камена Река Македонска Каменица, а истите ќе бидат фактурирани по Ценовник за извршување на услуги и работи од стран а на ЈП Камена река Македонска Каменица бр. 02- 374/1 од 06.11.2024 година, донесени од страна на управен одбор при ЈП Камена река Македонска Каменица , а усвоени од страна на Совет на општина Македонска Каменица.

- Оградување на одводните канали низ општината,
- Поставување на бекатон плочки по тротоарот од левата страна на улица Каменичка
- Изградба на канализациона мрежа на улица Даме Груев и дел од улица Илинденска (Саравско маало)
- Прочистување на сите водотеци на подрачјето на општината,
- Изградба на тротоари на градските и приградските улици,
- Изградба на настрешници на повеќе места во општината,
- Изработка на атмосверски канавки и пристапни патеки околу колективните стамбени згради во општината,

Вкупно предвидени средства за оваа активност: 4.000.000,00 ден.

Рекапитулар на трошоците по програмата за јавна чистота:

1. Одржување на јавна чистота 9.668.800,00 денари

1.1 Рачно зимско чистење 400.000,00ден

1.2 Машинско чистење на локални патишта 1.000.000,00ден

2. Одржување на градската депонија и изнесување

на смет од селата 2.301.600,00 денари

3. Одржување на паркови и други зелени површини во градот 2.696.000,00 ден.

4. Расчистување на диви депонии и изработка на

нови одводни канали како и одржување на

постоечките 3.000.000,00 ден

5.Разни активности 4.000.000,00 ден.

_____

23.066.400,00 ден.

Доколку Советот на општината и Градоначалникот сметаат дека вака понудената програма е финансиски неиздржлива, тогаш може да се изврши корекција на одредени позиции во граница во која таа може да се финансира, исто така оваа програма во текот на годината може да трпи измени и дополнувања со согласност на Советот на општината и Градоначалникот.

Средства со кој располага Ј.П. ,,Камена Река" се средствата од јавна чистота што ја наплаќа со сметките за комунални услуги по одлука на советот на општината и истите според бројот на корисници изнесуваат 1.178.400.00 ден/год.останатите средства по оваа програма треба да се предвидат во буџетот за 2026 година.

Инвеститор и контролор на оваа Програма е ЕЛС - Македонска Каменица.

Изведувач е Ј.П. ,, Камена Река" - Македонска Каменица.

Контрола на извршените работи ќе вршат од страна на службите на општина Македонска Каменица и Градоначалникот.

Средствата за финансирање на програмата за јавна чистота ќе се финансира од буџетот на ЕЛС. Мак.Каменица

Декември 2025 год.

Македонска Каменица

Бр. 08-3250/1
15.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за извршување на јавни работи за 2026 година во општина Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3251/1
15.12.2025 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КАМЕНА РЕКА"

Тел. и факс: 033 432 694; Ул."Рударска" бр.7,Македонска Каменица, e-mail:jpkamenareka@jpkamenareka.mk

ИЗРАБОТУВА: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КАМЕНА РЕКА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

УСВОЈУВА: СОВЕТ НА ОПШТИНА
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

П Р О Г Р А М А

ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ ЗА 2026 ГОДИНА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА, ДЕКЕМВРИ 2025 година

Врз основа на член 83 и 84 од Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ" бр.50/2010, 88/2010, 171/2010, 51/2011, 86/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 153/2012, 39/2014, 44/2014, 44/2014, 112/2014, 113/2014, 56/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 27/2016, 119/2016, 21/2018, 113/2018 и „Службен весник на РСМ" бр.124/2019, 89/2020 ,103/2021, 274/22 и 135/25), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица бр.20/2019, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 3та седница одржана на ден 15.12.2025 година донесе:

П Р О Г Р А М А
За извршување на јавни работи во општина Македонска Каменица за 2026 година

1.Опис

1.1. Име на програмата: Програма за извршување на јавни работи за 2026 година.

1.2.Локација на програмата: Македонска Каменица и руралните средини во општината.

1.3.Оправданост на програмата: Оправданоста на програмата се состои во намалување на сиромаштијата на локално ниво преку ангажирање на долгорочно невработени и ранливи групи кои тешко доаѓаат до постојано вработување.

1.4.Целни групи крајни корисници: Главни целни групи кои ќе бидат опфатени со проектот се : долгорочно евидентирани невработени лица, ниско квалификувани невработени лица и повозрасни невработени лица(над 55 години) кои тешко наоѓаат постојано вработување и се соочуваат со висок степен на сиромаштија.

1.5.Главни активности се :

- Земјени работи за доуредување на кејот на Каменичка река;
- Дотур на мулчевита земја рамнење, грубо и фино планирање на теренот потоа сеење, покривање и валирање на тревното семе;
- Чистење на гробиштата во селските средини ;
- Обновување и одржување на старата и оштетена урбана опрема низ општината;
- Подигање на нови зелени површини на неколку локации во урбаниот дел од Македонска Каменица ;
- Сечење на застарени дрвни видови и грмушки во заштитната зона на локалните патишта во селата Косевица, Костин Дол, Тодоровци, Моштица, Дулица, Цера и Саса;
- Отстранување на сите суви, трули и заболени дрвни видови;
- Чистење на смет и шут по парковите и стазите, одржување на чистотата во детските забавни паркови и игралишта;
- Уништување на плевелот и коровот во коритото на Каменичка река и помеѓу ивиците на тротоарите со третирање на тотален хербицид;

- Припрема на јама за одлагање и складираење на покосена трева и лисната маса за производство на органско ѓубриво т.е. компостирање;
- Чистење на сите патишта од одрони и наноси во селата Косевица, Костин Дол, Тодоровци, Моштица, Дулица, Цера и Саса;
- Одржување и чистење на фонтаните во општината;
- Одржување на градскиот стадион во Македонска Каменица;
- Чистење на коритото на кејот и крајбрежјето на вештачкото езеро Калиманци од ПЕТ амбалажа;
- Одржување на систем капка по капка на неколку локации каде што тое е економски исплатливо и технички изводливо;
- Чистење и одржување на патот до новите гробишта во текот на целата година;
- Активности по барање на надлежните органи на локалната самоуправа при општина Македонска Каменица;

2.Органи надлежни за реализација и изведување на програмата

2.1. Организатор на јавните работи ќе биде општина Македонска Каменица .

Општина Македонска Каменица активно е вклучена за целото времетраење на програмските активности: избор на лица кои ќе бидат ангажирани, информирање на граѓаните, назначување на надзорен орган, ангажирање на лицата согласно програмата, исплата на парични средства.

2.2. Изведувач на јавните работите : Изведувач на работите е Јавното Претпријатие ,, Камена река" Македонска Каменица.

ЈП ,,Камена река " Македонска Каменица како изведувач на програмата ќе биде вклучено во организирање и координирање на работата заради успешно и навремено спроведување на програмските активности, обезбедување на стручен кадар за надзор и спроведување на предвидените активности, потребната механизација за транспорт и за изведување на земјени работи согласно предлог активностите, обезбедување на потребен алат со кои располага, обезбедување на потребните рачни машини за различни операции итн.

2.3. Агенцијата за вработување ќе биде вклучена во процесот на посредување при ангажирање на лицата во програмата, правилна селекција на лицата кои ќе бидат ангажирани.

2.4. Тим кој е предложен за реализација на програмата.

За реализација на програмата е предложен следниот тим:

2.4.1. Одговорни лица за спроведување и координација на програмските активности и обезбедување на потребниот алат и механизација се :

Влатко Димитровски тел. за контакт 078-485-119
Виолета Велиновска тел. за контакт 075-364-555
вработени во ЈП ,,Камена река ,, Македонска Каменица

Одговорните лица ќе вршат координирање, организирање и спроведување на активностите од оваа програма, изготвување на извештај за динамика на работа по фази,

изготвување на дневен и месечен извештај за извршени работи во согласност со извршениот надзор.

2.4.2. Лице за надзор кое ќе биде назначено со решение од градоначалникот е Драган Ѓорѓиевски вработен во општина Македонска Каменица, лицето назначено за надзор врши контрола и надзор врз спроведување и реализацијата на програмските активности ги прегледува и одобрува месечните извештаи за работа изготвени од страна на одговорните лица без кои општината нема да врши исплата на средствата.

Важно: Надлежните органи го задржуваат правото да бараат дополнителни податоци кои се од значење за избор на програмата или за нејзината реализација.

2.5.Вид на подршка на секој партнер

Општината обезбедува финансиска, административна и техничка подршка на програмата, ЈП ,,Камена река ,, Македонска Каменица обезбедува административна, финансиска, организациона подршка на програмата (лица кои ќе бидат одговорни за организирање и координирање на ангажираните лица) и обезбедување на потребната механизација, материјали и алати.

Предвидените програмски активности успешно ќе се надоградуваат на досегашните активности на општина Македонска Каменица за ублажување на сиромаштијата, а со оглед на сложеноста на активностите за реализација на проектот лицата од целната група кои ќе бидат ангажирани за реализација на активностите може да бидат со низок степен на образование.

3.Времетраење, план на активности, динамика на реализирање на програмските активности по месеци и методологија за пресметка на финансиски средства потребни за реализација на програмата.

Програма за извршување на јавни работи за 2026 година во општина Македонска ќе се спроведува во четири фази, секоја фаза во траење од по 3 месеци

3.1. Првата фаза ќе го опфати периодот од месец Јануари 2026 година заклучно со месец Март 2026 година , а за реализација на програмските активности од првиот дел на програмата за јавни работи ќе биде потребно ангажирање на **45** невработени лица.

Првата фаза од програмата ќе ги опфати следните активности по месеци:

Месеци	*Главна активност*	*Тело на имплементација*	*Локација*	*Број на работници*	*Фази на реализација*
Јануари	➢ Чистење на вертикалните сливници и таложници во градската средина на Македонска Каменица; ➢ Чистење на сите главни и споредни пешачки патеки од снежни наноси и голомразици; ➢ Чистење и одржување на патот до новите гробишта во текот на целата година; ➢ Чистење на сите патишта од снежни наноси и голомразници во селата Косевица, Костин Дол, Тодоровци, Моштица, Дулица, Цера и Саса; ➢ Собирање на градежен шут, земја, камен, цигли, мртва органска материја и сл. со трактор низ општината и транспортирање на депонијата; ➢ Активности по барање на надлежните органи на локалната самоуправа при општина Македонска Каменица;	Ј.П. ,,Камена Река" Македонска Каменица	Македонска Каменица	Ангажирани 45 работници	**I**

Февруари	➢ Чистење на сите главни и споредни пешачки патеки од снежни наноси и голомразици; ➢ Чистење на вертикалните сливници и таложници во градската средина на Македонска Каменица; ➢ Чистење на сите патишта од снежни наноси и голомразници во селата Косевица, Костин Дол, Тодоровци, Моштица, Дулица, Цера и Саса; ➢ Одржување на градскиот стадион во Македонска Каменица; ➢ Садење на еколошки прифатливи дрвни видови околу градската депонија во Македонска Каменица; ➢ Собирање на градежен шут, земја, камен, цигли, мртва органска материја и сл. со трактор низ општината и транспортирање на депонијата; ➢ Активности по барање на надлежните органи на локалната самоуправа при општина Македонска Каменица;	Ј.П. ,,Камена Река” Мак.Каменица	Мак. Каменица	Ангажирани 45 работници	I

Април	➢ Отстранување на сите сувии, трули и заболени дрвни видови; ➢ Кроење, подкастрување и уредување на крошните на сите дрвни видови и грмушки во градската средина на општина Македонска Каменица; ➢ Земјени работи за доуредување на кејот на Каменичка река во делот каде беше асфалтирана улица Кејска; ➢ Одржување на градскиот стадион во Македонска Каменица; ➢ Дотур на мулчевита земја, рамнење, грубо и фино планирање на теренот потоа сеење, покривање и валирање на тревното семе; ➢ Расчистување на диви депонии во градската средина на Македонска Каменица; ➢ Чистење на коритото на кејот и крајбрежјето на вештачкото езеро Калиманци од ПЕТ амбалажа; ➢ Чистење и одржување на патот до новите гробишта во текот на целата година; ➢ Поставување на жардињери за садење на цвеќе на неколку локации во општината; ➢ Собирање на градежен шут, земја, камен, цигли, мртва органска материја и сл. со трактор низ општината и транспортирање на депонијата;	Ј.П. ,,Камена Река” Мак. Каменица	Мак. Каменица	Ангажирани 45 работници	I

	➢ Активности по барање на надлежните органи на локалната самоуправа при општина Македонска Каменица;				

За реазлизација на активностите од првата фаза ќе бидат потребни финансиски средства во вкупен износ од 3.133.755,00 денари или

1(прва) фаза (3 месеци х 45 работници х 23.213,00 денари) = 3.133.755,00 денари

3.2. Втората фаза ќе го опфати периодот од месец Април 2026 година заклучно со месец Јуни 2026 година , а за реализација на програмските активности од вториот дел на програмата за јавни работи ќе биде потребно ангажирање на 45 невработени лица.

Месеци	***Главна активност***	***Тело на имплементација***	***Локација***	***Број на работници***	***Фази на реализација***

